Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јули 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на АЛМА САВИЌ ДООЕЛ с. Селемли, Богданци УП2 09-237/26 од 22 мај 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_28_20260518_162 од 20.05.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_28_20260518_162 од 20.05.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

АЛМА САВИЌ ДООЕЛ с. Селемли, Богданци до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-237/26 од 22 мај 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_28_20260518_162 од 20.05.2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за вода.

Ова е второ поднесување на приговор за истиот објект, при што за претходниот приговор е издадено Решение за одбивање на приговорот УП2 бр. 09-1101/25 од 12.02.2026 година.

Според Електродистрибуција – според Решение за согласност за приклучување УП1 бр. NCC_28_20250702_230 од 17.07.2025 година, веќе е издаден приклучок за пумпа за вода за предметната парцела.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 јули 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-237/26 од 22 мај 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Решение за согласност за приклучување NCC_28_20250702_230 од 17.07.2025
- Спецификации на трошоци
- Фактура по договор NCC_28_20250702_230
- Договор за закуп на земјоделско земјиште
- Имотен лист
- Потврда од АД Водостопанство на РСМ – Скопје дека на предметните КП не постои водоводна инсталација

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 24 јуни 2026 година со прилог:
- Решение за одбивање на приговор УП2 бр. 09-1101/25 од 12.02.2026 година
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица
- Извештај за пад на напон во мрежата – постоечка и новопредвидена состојба

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно член 27 став (9) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила) решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на пумпи за вода се издава по барање на корисникот со приложување на соодветен акт од надлежен орган за наводнување односно АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со која ќе потврди дека нема водоводна инсталација на предметното подрачје.

Согласно член 32 став (4) од Мрежните правила по исклучок од ставот (3) на овој член, за пумпи за вода максималната едновремена моќност не може да биде поголема од 6,6 kW.

Оттука, на една парцела со еден сопственик може да има само еден приклучок за пумпа за вода.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–237/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**